MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2754/2
20-09-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од група на граѓани, на 22-та седница одржана на ден 17 септември 2019 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-2754/1 од 20.05.2019 година доставена од група на граѓани, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-2754 од 2019 година.

Предметот со број 12-2754 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2754 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2754/1 од 20.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од група на граѓани.

Во пријавата се содржани наводи против повеќе лица за нивни злоупотреби при реализирање на постапки за вработувања односно, во кои се вработувале само нивни блиски лица или лица по списоци за вработување по партиски врски.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека пријавата е доставена од група на граѓани и во истата нема доволно елементи од кои би можело да се види во кој временски период биле спроведени постапките за вработување, воедно нема наведено контакт податоци за прибавување на дополнувања и допрецизирање на наводите од пријавата што значи дека нема доволно податоци за започнување на постапка, по што се оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое надлежно постапување во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 12- 2754/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**м-р Владимир Георгиев**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk